**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА МОЖНИТЕ НАЧИНИ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО НА СТУДЕНТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

**Битола, 2023 година**

**СОДРЖИНА**

Општи одредби ........................................................................................................3
Начини на полагање на предметите.........................................................................3
Пријавување на испити ..........................................................................................5
Начини на проверка на знаењето ...........................................................................6
Објавување на резултати........................................................................................7
Утврдување на конечна оценка ..............................................................................8
Право на приговор на оценка..................................................................................9
Право на комисиско полагање...............................................................................10
Право на повторно полагање ................................................................................10
Статистика за полагањето на испитите ...............................................................10
Преодни и завршни одредби..................................................................................10

Врз основа на член 94 став 1 точка 37 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018 и „Службен весник на РСМ“ број 178/2021) и член 283 став 1 точка 32 од Статутот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Сенатот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ –Битола на 216-та седница одржана на ден 29.09.2023 година го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК ЗА МОЖНИТЕ НАЧИНИ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО НА СТУДЕНТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

## Општи одредби

### Член 1

(1) Со овој Правилник се уредуваат условите и начините за проверка на знаењето на студентите на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (понатаму во текстот: Универзитет), организацијата, процедурите, начините на утврдување на оценки, заштитата на правата на студентите, како и други прашања во врска со проверката на знаењето на студентите.

### Член 2

(1) На првиот час, предметниот наставник (овој термин ги означува и наставниците-членови на комисиите за предметните програми од втор и трет циклус) е должен да ги запознае студентите со:

- содржината на предметната програма,
- распоредот на предавањата и вежбите во текот на неделите наменети за наставни активности,
- предвидените форми на задолжителни и дополнителни предиспитни активности,
- начините на вреднување на сите форми на задолжителни и дополнителни предиспитни активности,
- видот, начинот на полагање и содржината на испитот и колоквиумите,
- вкупниот број поени (минимален праг и максимален број) што можат да се освојат на колоквиумите, испитот и од предиспитните активности,
- начинот на формирање на оценката.

## Начини на полагање на предметите

### Член 3

(1) Полагањето на предметите се реализира преку континуирано оценување (полагање колоквиуми) и/или завршно оценување (полагање испит).

(2) Полагањето се реализира во предвидените колоквиумски недели и/или испитни рокови, во термини определени од единиците во согласност со студентскиот календар на Универзитетот.

### Член 4

(1) Во рамките на континуираното оценување студентот полага два колоквиуми.

(2) Полагањето на предметот преку колоквиуми задолжително треба да го запази редоследот на полагањето, односно прв, па втор колоквиум.

(3) Прв колоквиум може да се полага во два термини. Првиот термин во 8-та (колоквиумска) недела од семестарот (прва колоквиумска недела) и во втор термин, договорен помеѓу наставникот и студентите, најдоцна до почетокот на втората колоквиумска недела.
(4) Доколку студентот не го положи првиот колоквиум, предметот го полага во испитна сесија преку полагање испит.
(5) Втор колоквиум може да се полага во два термини. Првиот термин во 15-та (колоквиумска) недела од семестарот и во втор термин за време на првиот нареден испитен рок.
(6) Доколку студентот не го положи вториот колоквиум, предметот го полага во испитна сесија преку полагање испит.
(7) Колоквиумот се смета за положен со освоени повеќе од половина од максималниот број поени што можат да се освојат на колоквиумот.

**Член 5**

(1) Во рамките на завршното оценување, студентот полага испит.
(2) Полагањето на испит се реализира во термини определени од единиците во текот на испитните рокови (февруарски, јунски и септемвриски) утврдени со студентскиот календар на Универзитетот.
(3) Полагање на испит не може да се реализира во текот на колоквиумските недели.
(4) Испитот се смета за положен со освоени повеќе од половина од максималниот број поени што можат да се освојат на испитот.

**Член 6**

(1) По барање на студентското собрание на единицата, наставно-научниот/наставничкиот/научниот совет на единицата може да дозволи реализација на најмногу уште два испитни рока, еден во зимскиот, еден во летниот семестар.
(2) Организацијата на дополнителниот испитен рок не смее да го нарушува редовниот наставен процес, односно распоредот на задолжителните и/или дополнителните предиспитни активности.
(3) Одлуката за прифаќање на барањето за одредување дополнителен испитен рок задолжително мора да содржи информации за почетокот и крајот на дополнителниот испитен рок.
(4) Во дополнителните испитни рокови студентите за полагањето на испитите плаќаат определен надоместок за што одлучува деканатската, односно, управата на единицата.

**Член 7**

(1) Преку полагање на колоквиумите или испитот и преку реализацијата на задолжителни и дополнителни предиспитни активности во текот на неделите наменети за наставни активности, студентот може да освои најмногу 100 поени.
(2) Задолжителните и дополнителните предиспитни активности може да донесат најмногу 20 поени за реализација на следните предиспитни активности:

А) прва група до 10 поени:
- присуство и активност на предавањата,
- присуство и активност на вежби.

Б) втора група до 10 поени:
- изработка на семинарски труд,
- самостојна (домашна) работа,
- изработени или реализирани проекти/програми.

В) трета група до 10 поени:
- менторство на други студенти,
- освоени награди или пофалници,
- учество на семинари,
- учество на симпозиуми и
- други активности предвидени со предметната програма.

(3) Распределбата на поените е определена во елаборатите на акредитираните студиски програми, за секој предмет посебно.

(4) Стекнатите поени по основ на задолжителните и дополнителните предиспитни активности важат до евентуалното повторно запишување на предметот.

(5) Минималниот праг за добивање преодна оценка за секоја предметна програма е повеќе од 50 поени од положените два колоквиуми или испит и реализацијата на задолжителните и/или дополнителните предиспитни активности.

(6) Доколку студентот освои повеќе од 50 поени само со полагање на колоквиумите или испитот, тогаш за позитивна оценка не му е потребен дополнителен број поени од предиспитни активности, освен ако тие не се предвидени како задолжителни со предметната програма.

(7) За формирање на конечната оценката се зема просечниот број поени освоени на двата колоквиуми, заокружен на целобројна вредност.

## Пријавување на испити

### Член 8

(1) Студентот се пријавува за полагање испит преку студентскиот електронски систем iKnow во утврдените рокови за пријавување од страна на единицата, со пополнување и поднесување електронска пријава и уплаќање на соодветен надомест доколку е задолжителен за испитниот рок во кој се пријавува испитот.

(2) Почетокот на рокот за пријавување испит не може да биде предвиден порано од еден месец од денот на почетокот на испитниот рок. Крајот на рокот за пријавување испит не може да биде предвиден подоцна од три работни дена пред почетокот на испитниот рок.

(3) Единицата може да предвиди можност за задоцнето пријавување на испит, под точно определени услови (оправдани причини, постапка, барање, финансиски услови и сл.).

(4) Задоцнетото пријавување на испитот мора да биде завршено на денот на испитот, до почетокот на испитот.

(5) Службата за студентски прашања на единицата врши проверка на поднесените испитни пријави за испити (дали студентот го има запишано предметот, дали извршил потребна уплата за полагање и сл.) и преку системот за електронска евиденција (iKnow) изготвува список на студенти кои имаат право да го полагаат испитот.

(6) Списокот на студенти кои имаат право да го полагаат испитот службата задолжена за студентски прашања го доставува до предметниот наставник, електронски до почетокот на испитот.

### Член 9

(1) Студентите во првиот, по завршување на наставата, испитен рок не плаќаат надоместок за полагањето. Во секој нареден испитен рок плаќаат надоместок во согласност со тарифник на Универзитетот донесен од страна на Ректорската управа.

**Член 10**

(2) Колоквиумите не се пријавуваат. Право да полага колоквиум има секој студент кој го запишал предметот.

(3) Доколку студентот го положил предметот преку колоквиуми, поднесува пријава за испит во редовните испитни рокови и притоа не се јавува на испитот, а оценката му се впишува врз база на освоените поени од положените колоквиуми и предиспитните активности.

**Начини на проверка на знаењето**

**Член 11**

(1) Право на проверка на знаењето и евидентирање оценка остваруваат студентите што го запишале предметот и се пријавиле за испит.

(2) Редовниот студент кој отсуствувал од настава или вежби повеќе од три пати (оправдано и/или неоправдано) во текот на семестарот, нема право на полагање на предметот преку колоквиуми.

**Член 12**

(1) Полагањето е јавно и се реализира во простории на Универзитетот, односно единиците.

(2) Доколку е предвидено практично полагање, полагањето може да се организира и надвор од просториите на Универзитетот, односно единиците, во просториите во коишто се реализирала практичната настава и/или професионалната пракса.

(3) По исклучок, во оправдани случаи полагањето може да се реализира и далечински, по електронски пат, за што одобрение дава деканот/ директорот или продеканот надлежен за настава.

**Член 13**

(1) Полагањето може да се реализира

- усно;
- писмено;
- практично;
- писмено и усно;
- писмено и практично;
- усно и практично,
- писмено, усно и практично.

(2) Начинот на реализација на полагањето е определен во елаборатите на акредитираните студиски програми, за секој предмет соодветно.

(3) Во случај кога полагањето се реализира писмено и усно; писмено и практично; усно и практично; или писмено, усно и практично; редоследот на полагањето се запазува според претходно наведеното. .

(4) Полагањето на сите делови (писмен, устен, практичен) од испитот мора да биде завршено до крајот на испитниот рок.

(5) Идентитетот на студентот, пред започнување на полагањето, се проверува врз основа на студентскиот индекс и се проверува дали студентот е внесен во списокот на пријавени студенти. Доколку студентот не е внесен во списокот на пријавени нема право да полага.

(6) Предметниот наставник има право да побара и дополнителна проверка на идентитетот на студентот, со личен документ за идентификација, на којшто има слика од студентот (лична карта или патна исправа).

**Член 14**

(1) За време на одржување на колоквиумот или испитот, студентот е должен да се однесува во согласност со вообичаените правила коишто забрануваат:
- излегување од просторијата во којашто се одржува полагањето (без разлика дали полагањето се реализира со физичко присуство или по електронски пат) и повторно влегување, станување и шетање по просторијата,
- каква било комуникација со наставникот, соработникот или другите студенти, освен за дополнително појаснување на испитните прашања со предметниот наставник или соработник,
- какви било други постапки и однесување што би пречеле на реализацијата на полагањето.

(2) Кога полагањето е писмено тоа може да трае најмногу два часа.
(3) Кога полагањето е усно, за време на полагањето студентот има право на подготовка на усниот одговор (подготовка на концепт) од најмалку 15 минути за сите поставени прашања.
(4) Кога полагањето се реализира далечински, студентот задолжително треба да има вклучено камера, со функционални аудио/видео поставки, за целото време на одржување на полагањето. На екранот задолжително треба да се гледа лицето на студентот и работната површина, односно тастатурата и/или хартијата на којашто пишува. Не е дозволено присуство на други лица во просторијата од каде студентот се приклучува на платформата и полага.
(5) При полагањето студентот не смее да користи средства и методи за препишување или измама. Доколку предметниот наставник или соработник забележи дека студентот користи недозволени средства и методи за препишување или измама, должен е да достави пријава до Комисијата за дисциплински мерки на единицата.
(6) Предметниот наставник е должен да биде присутен од почетокот до завршувањето на полагањето, односно да биде приклучен на платформата преку којашто се реализира полагањето далечински со вклучена камера.
(7) Во случај на негова оправдана неможност да присуствува на полагањето, наставникот треба навремено да обезбеди замена од редот на наставниот кадар на единицата и за тоа да го извести деканот/директорот или продеканот надлежен за настава на единицата.

**Објавување на резултати**

**Член 15**

(1) Освоениот број поени од дополнителни и задолжителни предиспитни активности се објавуваат најдоцна до денот на испитот преку внесување на освоените поени во Системот за електронска евиденција (iKnow)
(2) Освоениот број поени на писмениот дел од испитот или колоквиумот се објавуваат најдоцна десет дена од одржувањето преку внесување на освоените поени во Системот за електронска евиденција (iKnow).
(3) Освоениот број поени од усниот или практичниот дел се соопштуваат на студентот на самото полагање и се внесуваат во Системот за електронска евиденција (iKnow).
(4) Веднаш по внесувањето на поените, наставникот е должен преку електронската пошта на Системот за електронска евиденција (iKnow) да ги извести студентите

дека се внесени поените од полагањето и/или предиспитните активности и да даде термин во кој студентите можат да извршат увид во одговорите (во случај на писмено полагање) и доделените поени од колоквиумот, испитот или предиспитните активности.

(5) Доколку при увидот наставникот одлучи дека треба да се изврши корекција на доделените поени истото треба да го направи веднаш со корекција на записот Системот за електронска евиденција (iKnow).

(6) По завршувањето на увидот односно внесувањето на резултатите од писмениот или практичниот испит или колоквиум се пристапува кон утврдување на конечна оценка.

**Утврдување на конечна оценка**

**Член 16**

(1) Конечната оценка се изразува во броеви од 5 (пет) до 10 (десет), при што 5 (пет) значи не положил.

(2) Оценка за полагање на предметната програма произлегува од вкупниот број поени што студентот ги стекнал преку реализацијата на предиспитните активности и полагањето на колоквиуми или испит. Максималниот број поени што студентот може да ги освои по сите основи е 100, а распределбата на поените според искажаниот успех со бројна оценка е следен:
- од 0 до 50 поени: оценка 5 (пет);
- од 51 до 60 поени: оценка 6 (шест);
- од 61 до 70 поени: оценка 7 (седум);
- од 71 до 80 поени: оценка 8 (осум);
- од 81 до 90 поени: оценка 9 (девет);
- од 91 до 100 поени: оценка 10 (десет)

(3) Доколку при утврдувањето на конечениот број поени се појават децимали, се врши заокружување на бројот на следниов начин: ако првата децимала е помала од 5 се заокружува претходниот цел број, а ако истата е еднаква или поголема од 5 се заокружува следниот цел број.

(4) Предметниот наставник е должен да ги чува материјалите врз чија основа се доделени поени од предиспитни активности и при континуираното и завршното оценување (списоци на присуство, тетратки, тестови, компјутерски записи, семинарски работи, проектни задачи, сертификати итн.), 3 (три) месеци по запишувањето на конечните оценки.

**Член 17**

(1) Конечната оценка, се запишува во Системот за електронска евиденција iKnow.

(2) Веднаш по запишувањето на оценките во Системот за електронска евиденција iKnow, наставникот ги известува студентите по електронска пошта дека се објавени конечните оценки.

(3) Во случај на техничка грешка при внесувањето на оценката, студентите треба да го известат на наставникот во рок од 3 (три) дена да изврши корекција.

(4) Конечната оценка за успешното полагање на предметната програма покрај во електронскиот систем iKnow, предметниот наставник ја запишува во писмената пријава и ја потврдува со свој потпис (своерачен или електронски).

(5) Предметниот наставник има обврска до Службата за студентски прашања списокот на положени и неположени студенти генериран преку Системот за електронска

евиденција (iKnow) и пополнетите и потпишани (своерачно или електронски) испитни пријави најдоцна дваесет дена од денот на испитот.

(6) Службата за студентски прашања е должна да води евиденција дали од наставникот се предадени испитните пријави во рок од дваесет дена од денот на испитот.

(7) Доколку не се предадени испитните пријави во рок од дваесет дена од денот на испитот, службата за студентски прашања писмено по е-пошта го потсетува наставникот во рок од 5 (пет) дена да ги достави пријавите.

(8) Доколку и по овој рок наставникот не ги достави испитните пријави Службата за студентски прашања писмено по е-пошта го известува деканот/директорот и/или надлежниот проректор за настава.

(9) Службата за студентски прашања врши проверка на испитните пријави и доколку тие се исправни, ги внесува во досието на студентот. Доколку службата за студентски прашања утврди определена неисправност на одреден број испитни пријави, за истото, најдоцна во рок од 5 (пет) дена од доставувањето на пријавите, го известува предметниот наставник. Предметниот наставник врши исправка на неисправните пријави во рок од 5 (пет) дена од известувањето и истите ги доставува до Службата за студентски прашања којашто ги распределува во хартиеното досие на студентот.

## Право на приговор на оценка

### Член 18

(1) Студентот има право на приговор на добиената оценка ако смета дека полагањето не се реализирало во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, односно единицата, овој Правилник и други акти на Универзитетот и единиците.

(2) Студентот може да поднесе писмен приговор (со задолжително образложение на направените повреди од страна на наставникот при изведувањето на испитот солгасно ставот 1 од овој член) до деканот/директорот, во рок од 2 (два) работни дена по добивањето известување по електронска пошта за внесената завршна оценка во Системот за електронска евиденција (iKnow).

(3) Ако деканот/директорот утврди дека се исполнети условите од ставот 1 на овој член, ќе побара од наставникот да ја преиспита оценката од завршното оценување во рок од 3 (три) дена.

(4) Ако наставникот не ја преиспита оценката што ја утврдил во рокот од претходниот став или остане на истата, или пак го прифати приговорот, но студентот повторно не е задоволен со добиената оценка, на барање на студентот поднесено до деканот/директорот испитот се прегледува од трочлена комисија составена согласно член 19 од овој Правилник.

(5) Комисијата од претходниот став ја формира деканот/директорот и во истата предметниот наставник не може да биде член. Комисијата е составена од тројца наставници од иста или сродна наставно-научна област, од исто научно поле.

(6) Членови во комисијата можат да бидат наставници и од други единици на Универзитетот или други универзитети во земјата, избрани во иста или сродна наставно-научна област, но од исто научно поле, со предметниот наставник.

(7) Оценката на комисијата е конечна.

## Право на комисиско полагање

### Член 19

(1) Студентот кој ќе го презапише предметот има право при пријавувањето на испитот да поднесе барање до деканот/директорот на единицата, за полагање на испитот пред комисија.
(2) Постапувајќи по барањето на студентот, деканот/директорот на единицата е должен да донесе одлука за формирање комисија од три члена, пред која студентот, во таа испитна сесија, ќе го полага испитот.
(3) Комисијата е составена од тројца наставници избрани во иста или сродна наставно-научна област, но од исто научно поле, со предметниот наставник.
(4) Наставниците-членови на комисијата може да бидат од единицата, други единици на Универзитетот или други универзитети во државата.
(5) Предметниот наставник не може да биде член на оваа комисија. Испитот пред комисијата задолжително се полага писмено (за писмениот, но и за усниот дел доколку е предвиден), а доколку е предвидено и практично полагање тоа се снима на видео запис.

## Право на повторно полагање

### Член 20

(1) По барање на студентот, му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по одреден наставен предмет, во период од најмногу три последователни испитни сесии од полагањето на испитот. Ова право студентот може да го оствари до денот на дипломирањето.
(2) Деканот/директорот, во рок од 3 (три) дена од поднесувањето на барањето, донесува решение по барањето. Со прифаќањето на барањето за преполагање на испитот, претходно добиената оценка се поништува.

## Статистика за полагањето на испитите

### Член 21

(1) Единицата води статистика за полагањето на испитите, проодноста и успешноста на студентите кои полагале преку колоквиуми и/или преку испити.
(2) Формите за водење на статистиката, фрекфенцијата, анализата и обврската за доставување информации во врска со полагањето на испитите, проодноста и успешноста на студентите кои полагале преку колоквиуми и/или преку испити подетално се регулираат со универзитетските акти за обезбедување квалитет.

## Преодни и завршни одредби

### Член 22

До ставањето во функција на функционалностите во Системот за електронска евиденција iKnow предвидени во член 15, ќе се користат веб-страниците на единиците или Google Classroom системот за објавување на освоените поени од испитот/ колоквиумите и поените од предиспитни активности.

**Член 23**

До донесувањето на Тарифникот за наплата на услуги од страна на Ректорската управа на Универзитетот, за надоместокот за полагање на испитите и за другите услуги, ќе се применуваат одлуките на наставно-научниот/наставничкиот/научниот совет на единицата.

**Член 24**

Со влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за можните начини на проверка на знаењето на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.
Правилникот за условите, критериумите и правилата за студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола од 17.11.2019 година.

**Член 25**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

**проф. д-р Николче Јанкуловски**
**Претседател на Сенат**